**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Единаесеттото продолжение на Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 декември 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,13 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин, Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата, за да можеме да продолжиме со работа.

Уште еднаш ги повикувам сите пратениците кои не се влезени во салата да влезат во салата продолжуваме со работа.

Почитувани дами и господа пратеници.

Во договорот со координаторите на пратеничките групи е усогласено дека во 15,00 часот ќе продолжи 76-та седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со работа по 76-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Лилјана Поповска, Данаел Дончев, Борис Кондарко, Никола Ќуркчиев, Лазар Китановкси, Неждет Мустафа, Љубчо Георгиевски, Мирјана Секуловска, Владанка Авировиќ, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Флора Кадриу, Александар Николовски, Абдулади Вејсели и Владо Бучковски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Се извинувам, госпоѓа Лилјана Поповска пристигна така да се повлекува од листата на оправдано присутни.

**Минуваме на точката 12. - Предлог за донесување на закон за престанување на примената на Законот за компензација, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани пратеници, овој закон предлагаме да се укине. Имено, Владата на Република Македонија, на седницат одржана на 28.11.2006 година донесе Програма за гилотината, во која што се укинуваат оние прописи што не функционираат, што не се потребни за Република Македонија.

Министерството за економија, врз основа на та програма има опфатено околу 509 прописи, групирани во 39 заони и 470 подзаконски акти, при што се утврди дека овој пропис е донесен од поранешна СФРЈ и истиот не се применува во законодавството на Република Македонија. Со оглед на. . .

**Бесим Догани:** Се извинувам заменик министре,

Колеги ве молам, ако може да го сослушаме заменикот министер. Ви благодарам.

Повелете господин заменик министре.

**Киро Спанџов:** Со оглед на изменетите околности во Република Македонија, во услови на пазарна економија предлагаме Законот за компензација да престане да се применува. Со законот се уредуваше компензацијата, што им се обезбедуваше на организациите на дружениот труд на кои што, заради спроведување на заедничкат економска политика со мерките на истата им се нарушуваше рамноправноста во стекнување на доходот и располагањето со резултатите од трудот.

Со оглед на изменетите околности во Република Македонија, предлагаме Законот за компензација да престане да се применува во законодавството на Република Македонија.

Истото се однесува и за наредните два закони, предлагаме да се укинат, а ако има потреба ке се јавам и за нив. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за престанување на примената на Законот за компензација.

Пред да ве повикам на гласање би ги замолил сите пратеници кои сеуште не се влезени во салата да го сторат тоа за да можеме да го изгласаме заклучокот.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Бидејќи во салата нема доволен број на пратеници, уште еднаш ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат.

Пратениците кои се во салата да седнат на своите места за да можат службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Ги молам пратениците да ги заземат своите места за да можат службите да го утврдат точниот број на пратеници.

Ги повикувам уште еднаш службите да достават точен број на присутни пратеници во салата, а ги молам пратениците да ги заземат своите места.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Во салата се присутни 62 пратеници.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повику вам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, сите 59 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, сите 59 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на законот гласале 62 пратеници, сите 62 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Закон за престанување на примената на Законот за компензација.

**Минуваме на точката 13. - Предлог за донесување на закон за престанување на примената на законот за одговорност од нуклеарни штети со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да гу усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлог за донесување на закон за престанување на примената на законот за одговорност од нуклеарни штети.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите 61 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, сите 59 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот по Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласале 63 пратеници, сите 63 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Предлог за донесување на закон за престанување на примената на Законот за одговорност од нуклеарни штети.

**Минуваме на точка 14. - Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на штедењето, субвенцијата и рационалното користење на сите видови енергија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да гу усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на штедењето, субвенцијата и рационалното користење на сите видови енергија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, сите 62 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, од нив 62 гласале за, еден воздржано против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на законот гласале 61 пртеник од нив 60 гласале за, еден воздржано, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанување на важењето на Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на штедењето, субвенцијата и рационалното користење на сите видови енергија.

**Минуваме на точка 15. - Предлог за донесување на закон за престанување на примена на Законот за определлување на**

**градежното земјиште во градовите и населбите од градски карактер со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор министерот за транспорт и врски, повелете.

**Миле Јанакиески:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани пратеници, овој закон и наредните четири закони, се дел од Проектот регулаторна гилотиња и овие пет закони Министерството за транспорт и врски, предлага да се укинат, бидејќи постои нов институционален механизам и овие закони се донесени или во времето на Социјалистичка Република Македонија, или во поранешна СФР и се икопатибилни со законодавството на Република Македонија. Значи за сите пет закони важи истото образложение доколку има потреба од понатамошна дискусија за секој закон поединечно ќе се јавам за збор. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за престанување на примена на Законот за определлување на градежното земјиште во градовите и населбите од градски карактер.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 60 пратеници, сите 60 гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 58 пратеници, од нив 57 гласаа за, еден воздржан, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница а се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 59 пратеника од нив 58 гласаа за, еден воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанување на примена на Законот за определување на градежното земјиште во градовите и населбите од градски карактер.

**Минуваме на точка 16. - Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за повластиците на младината и децата во патничкиот сообраќај, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да гу усвои следниот залучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за престанување на важење на Законот за повластиците на младината и децата во патничкиот сообраќај.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, сите 60 пратеници гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седица да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи во салата има само 59 пратеници, би ги повикал службите да достават точен број на присутни пртеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата.)

Во моментот на гласање во салата беа присутни 61 пратеник, така што гласањето е валидно.

Гласале 59 пратеници сите 59 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници. Сите 59 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанување на важење на Законот за повластиците на младината и децата во патничкиот сообраќај.

**Минуваме на точката 17 - Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за определување повластици во јавниот патнички сообраќај, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за определување повластици во јавниот патнички сообраќај.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник. Сите 61 гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 54 пратеници. 53 пратеници гласаа за, еден воздржан, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на законот гласа 59 пратеници. Сите 59 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанување на важењето на Законот за определување повластици во јавниот патнички сообраќај.

**Минуваме на точката 18 - Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за градежната инспекција, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за престанување на важење на Законот за градежната инспекција.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи во моментот на гласањето имаше само 59 пратеници гласањето е невалидно.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата има доволен број на пратеници, заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пртеници, сите 56 пратеници гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 54 пратеника, сите 54 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлоот на законот.

Молам, кој бра збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 55 пратеника, сите 55 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанување на важење на Законот за градежната инспекција.

**Минуваме на точката 19 - Предлог за донесување на закон за престанување на примена на законот на единствена евиденција на просторните единици, со Предлог на сакон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за престанување на примена на Законт за единствена евиденција на просторните единици.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник. Сите 61 гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 57 пратеници, сите 57 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлоготна законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара з бор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на законот гласаа 58 пратеници. Сите 58 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанување на примена на Законот за единствена евиденција на просторните единици.

Согласно член 74 став 2 од Деловникот на Собранието, на Собранието му предлагам точките 20,21,22 и 23 да се разгледаат како последни точки од предлогот на дневниот ред на ова седница.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник.

Сите 61 гласаа за.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**Минуваме на точката 24-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доствени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Предлагач е Владата на Република Македонија, односно Минисерството за финансии.

(Присутните во салата чекаат да дојде претставник на Министерството за финансии)

Бидејќи претставникот на Министерството за финансии е веќе во салата, ќе повторам дојдовме до Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, со Предлог на закон.

Претресот е отворен.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, сите 60 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, сите 55 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1 во новиот член 1-А, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, сите 59 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

**Минуваме на точката 25 - Предлог за донесување на закон за упатување лица во меѓународни мисии и во меѓународни организации, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за упатување лица на меѓународни мисии и во меѓународни организации.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, сите 59 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, од нив 57 гласаа за, воздржани немаше, еден гласаше против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 9 став 3 алинеја 6 и на член 25 став 2.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 3 алинеја 6, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот, повелете.

**Зоран Петров:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Амандманот е прифатен од страна на Владата и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот, повелете.

**Зоран Петров:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Амандманот е прифатен од страна на Владата и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, од нив 57 гласале за, еден воздржано, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за упатување лица во меѓународни мисии и во меѓународни организации.

**Минуваме на точката 26 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам потпретседателе.

Само накратко да кажам кои се измените. Се воведува општа клаузула за бизнис. Вие знаете дека до сега претпријатието, односно трговските друштва работеа, пријавуваа една клаузула на претежна дејност, меѓутоа, поголем дел од активностите ги обавуваа во друга дејност. Заради тоа се воведува нова општа клаузула за бизнис, а тоа значи при пријавувањето, при регистрацијата на трговското друштво една година ќе работи онака како што се регистрира, а потоа се воведува образец во кој што треба со завршната сметка да се каже колку во годината во кој дел, колку проценти работел и во која дејност се прилагодува. Врз основа на тоа, Централниот регистар му издава решение во кое што се дефинира претежната дејност за наредната година. Тоа е едната измена.

Втората измена со амандмани, што успеавме да ги доставиме дополнително е во однос на воведување на самостојни регистрациони агенти, кои ќе вршат електронско пријавување и регистрација на трговските друштва.

Исто така, со амандманите што дополнително се дадени е и внесување на податоци за првото вработување и давање електронски сертификати на субјектите на упис кои се одвиваат од овластени издавачи на електронските сертификати.

Овие неколку измени предлагаме да важат од 1 јули 2008 година, посебно за самостојните регистрациони агенти, бидејќи треба да се изврши подготовка за тоа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господин заменик министер.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 64 пратеници присутни во салата, гласале 58 пратеници, сите 58 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, сите 58 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за менување на член 2, член 7 за додавање два нови члена 8 и 9 по членот 7, член 8 кој станува член 10, за додавање нов член 11 по членот 8 кој станува член 10, членовите 9, 10, 11 и 12 стануваат членови 12, 13, 14 и 15, за додавање нов член 16 по членот 12 кој станува член 15 и на членовите 13, 14 и 15, кои стануваат членови 17, 18 и 19 и тие се составен дел на текстот на Предлгот на законот.

Пратеникот Оливер Спасовски поднесе амандмани на член 7 и на член 9, по кои Владата не се произнела. Кон овие амандмани се приклучија и пратениците Верица Филипова, Марјанчо Николов, Ацо Киров и Тале Герамитчиоски.

Отворам претрес по амандманот на член 7, поднесен од пратениците Оливер Спасовски,

Верица Филипова, Марјанчо Николов, Ацо Киров и Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија. Повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам потпретседателе.

Бидејќи со амандманот кој е под реден број 2 од Владата се апсолвирани овие измени, во предложениот амандман од пратениците се предлага да биде еден ден за единствениот матичен број, овде во амандманот што го поднесе Владата е 90 минути, така што на некој начин е прифатено, меѓутоа, тоа е апсолвирано во амандманите од Владата. Овој амандман не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Оливер Спасовски повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Бидејќи има прифаќање од страна на Владата на еден сегмент во смислата што ја предлагавме со пишувањето на овие амандмани, тоа веќе е направено од Владата, овој амандман го повлекувам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски. Предлагачот господинот Спасовски го поднесе амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од пратениците Оливер Спасовски, Верица Филипова, Марјанчо Николов, Ацо Киров и Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Не се прифаќа амандманот и овој амандман е апсолвиран во Предлогот од Владата.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 57 пратеници, од нив 14 пратеници гласаа за, 1 воздржано, против 42.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, сите 58 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

Бидејќи заменикот министер за внатрешни работи ми се јави дека во времетраење од 10 минути ќе стигне во Собранието предлагам наместо 27-ма точка да продолжиме со работа по 28-та точка предложена од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Има согласност, можеме така да постапиме.

**Минуваме на точката 28 - Предлог за донесување на закон за прогласување на дел од Планината Пелистер за Национален парк, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, повелете.

**Џемали Бајрами:** Благодарам.

Почитувани пратеници, дозволете ми накратко да ја објаснам потребата од донесување на овој закон и корисга што ќе ја добијат граѓаните на Република Македонија, како и поширокиот регион од посвотрното прогласување на дел од планината Пелистер за Национален парк.

Во таа смисла би сакал да го потенцирам значењето на оваа планина од природен, соцјалекономски,културен, здравствен аспект, за што во изминатите два века детални елаборации се задржани во многу објавени научни и стручни публикации на домашни и странски истражувачи.

Исто така, би сакал посебно да истакнам дека веќе 6 децении дел од оваа планина е заштитено подрачје во категорија национелан парк и дека во суштина тоа е првиот Нациоанлен парк прогласен во поранешната Југославија и прво заштитено подрачје во Република Македонија.

Заради заштита на геолошкиот геоморфолошкиот, биолошкиот и педелниот диверзитет на дел од планината Пелистер, според новиот Закон за заштита на природата, ова подрачје е карактеризирано во втората категорија на заштитено подрачје Национален парк.

Нов квалитет за донесување на Законот за прогласување на планината Пелистер како Национален парк е потребата за проширување на постојните граници на заштитено подрачје, утврдени со научни истражувања во изминатиот период.

Имено, проширувањето на Националниот парк Пелистер се однесува на еден дел од

високопланинските региони на планината Пелистер, на потегот од Ветерница, Голема Грива, Муза, Црна Стена.

Основната цел на заштита на природното глацијално езеро Орлови Бари, како и заштита на ретката флора и фауна, која егзистира во околината на ова езеро.

Проширувањето на Националниот парк Пелистер на Преспанската страна се однесува на сливното подрачје на Прашинска река, заради заштита на Пелистерската пастрмка. Од јавните расправи во Битола и Ресен, произлегува и предлогот за дополнително проширување на границата на Националниот парк Пелистер до границата со Грција, заради поврзување на Националниот парк Пелистер во Република Грција, воспоставување на развој на погранични заштитни подрачја во рамките на Балканскиот зелен појас и можноста за користење на меѓународни фондови за прекугранични заштитни подрачја.

Согласно членот 8 од Предлог законот во заштитени подрачја се воспоставуваат 4 зони и тоа: Зона на строга заштита, зона на активно управување, зона на одржливо користење и зелен појас.

Во членовите од 9 до 12 детално се наведени активностите кои се дозволени во секоја од зоните. И тоа се во зоната на строга заштита се вршат научни истражувања и постојан мониторинг. Во зоната на активно управување од примарно значење е развојот на екотуризмот и традиционалното земјоделие. Во зоната на одржливо управување можат да се вршат активности од економски карактер кои нема да влијаат негативно за заштита на природата, зелен појас, спроведени мерки кои се за подобро управување со заштитеното подрачје.

На крајот, дозволете ми да истакнам дека со донесувањето на овој закон е значаен дел на хормонизирањето на националното законодавство со законодавството на Европската унија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бајрами.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе,

Имајќи го предвид значењето на Пелистер како подрачје, како регион со кој што навистина Република Македонија треба да се гордее, бидејќи претставува еден редок регион во кој што се застапени флората и фауната на далеку прочуени меѓу научната фела која што се занимава со таа проблематика и е неспорно дека треба да биде решено со еден закон во кој што ќе треба да бидат дефинирани неговото значење со прогласување за Национален парк.

Но, јас и на собраниската Комисија кога дискутиравме по однос на оваа проблематика, однсоно на Матичната комисија за транспорт, врски и заштита на животната средина укажав на одредена дилема, која што се однесува на самата структура на законот. Јас сега ќе ја повторам таа дилема. Од тогашниот претставник на Министерството, не се сеќавам дали беше државниот секретар, беше кажано дека ќе се разгледа забелешката и ќе се одговори,но бидејќи дојде на дневен ред за амандман, претпоставувам дека не чувствувале потреба да се одговори. Жал ми е што тогаш ние не реагиравме со амандман, имајќи предвид дека навистина, многу тешко можеме да се снаоѓаме на почетокот и завршетокот на одредени седници. Дилемата е следната: Во членот 4, значи дефинирана е границата во која што Националниот парк Пелистер се дефинира како Национален парк со Законот. Во членот 4 се строго определени географските коти каде што се дефинираат границите.

Во членот 8, предвидено е во Националниот парк Пелистер да се воспостават 4 вида на зони: зона на строга заштита, зона на активно управување, зона на одржливо користење и заштитен појас.

Во членовите 9, 10, 11 и 12 се дефинирани што значат овие зони. Но дилемата е следната: ако вие сте го дефинирале Националниот парк со границите кои што се опфаќаат и ако сте предвиделе 4 вида на зони во тие граници, зошто не се географски дефинирани границите на тие зони. Кога јас тоа го псотавив како прашање на Матичната комисија, ми беше одговорено дека тоа ќе го направи Управата на јавната установа Националниот парк Пелистер - Битола. Уште тогаш посочив дека тоа не е добро решение, бидејки е можност за злоупотреби, малверзации од субјективистички причини и поради тие причини можно е, или поголема е веројатноста да се случуваат непредвидени дејствија, кои што ќе бидат покриени со една одлука на Управен одбор на едно Јавно претпријатие. Или пак, ќе бидат различно третирани границите на кој како Управен одбор, како што ќе се менува, како што ќе им одговара да ги променуваат. А зоните посебно, зоната за строга заштита е многу суфистицирана и строго дефинирана нејзината намена во членот 9. Во зоната на строга заштита, јавната установа Национален парк Пелистер-Битола ќе врши научно-истражувачка активност, до колку тие не се во спротивност со примарните цели на заштитата на Националниот парк. Сега ако не е дефинирана таа зона можно е да се јават потреби од друга намена, ајде да не кажам, да се јават градби, кои што нема да добијат одредена дозвола, ниту пак ќе бидат дефинирани од страна на надлежен орган. Јас само парафразирам, можеби нема да има такви работи, но ќе се јават други дејствија, безправна сеча на дрва, или некоја друга активност од институција, не од поединци. Затоа, еве да го прифатиме образложението дека Управниот одбор ја јавната установа Националниот парк Пелистер - Битола, ќе ги дефинира тие граници. Не е наведено во законот како ќе ја спроведе таа надлежност, дали со правилник, дали со подзаконски акт, министерот ќе го направи тоа.

Ако е тоа така, би требало да се наведе во Законот дека ќе следи подзаконски акт, кој што минситерот ќе го пропише по предлог на Јавната установа Националниот парк Пелистер-Битола. Вака се јавуваат одредени сомнежи , кои што можат да бидат оправдани, и неоправдани. Но сепак сметам ако веќе Министертвото,односно Владата се решила на чекор на дефинирање со закон, требало да бидат географски дефинирани овие зони, како што била дефинирана границата со географските поими во членот 4. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Збор има министерот за животна средина и просторно планирање, повелете.

**Џемали Бајрами:** Благодарам пратениче, сите овие укажувања ќе се регулираат соподзаконски акти.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министре.

За збор се јави господинот Марјан Додовски, повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги,

Јас само накратко би сакал да кажам неколку збора околу предложениот закон.

Добро е што го имаме овој предлог закон, бидејки согласно законската регулатива, посебно она што се однесува на природата и Законот за природа, потребно е препрогласување на заштитените простори во Република Македонија, а тука спаѓаат, строгите природни резервати и националните паркови. Добро е што се започнува со Пелистер како Национален парк и лично верувам дека во наредниот период ќе бидат предлог законите за препрогласување на Маврово и на Галичица, а длабоко сум уверен дека Министерството за животна средина и просторно планирање во наредниот период ќе излезе и со нови предлози за нови простори од Република Македонија да бидат заштитени и ставени во една од шесте категории,согласно Законот за природа. Значи, зборувам за строг природен резерват, национален парк, споменик на природата и други.

Како такви простори посебно би ги нагласил делот околу планината Беласица, Осоговските Планини, Маријовската област, а секако тука би ја ставил и Шар Планина.

Значи, јас ќе дадам подршка на овој Предлог закон и најискрено во наредниот период очекувам дека ќе ги имаме и другите национални паркови во законска рамка за предпрогласување. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Додовски.

За збор се јави госпоѓа Катерина Димевска, повелете.

**Катерина Димевска:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, само накратко сакам да ја изразам мојата пдоршка за Предлог на законот за прогласување на Националниот парк Пелистер за прогласување на заштитна зона, затоа што ова е законска обврска, овој Предлог на закон исто така доби подршка и на Комисијата за транспорт и врски. Значи, уште еднаш повторувам,од мене и од сите останати пратеници ќе биде подржан овој предлог на закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Димеска.

Реплика има господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, сакам да и реплицирам на претходната дискутантка, бидејки ако почнеме сите да даваме пдоршка на еден закон кој што се однесува на проширување на границите на Националниот парк Пелистер, сметам дека ќе биде многу дискутабилно, секој од пратеничката група да се јавува за збор.

Подршка почитувана колешке, можете да дадете на друг начин, подршка можете да дадете со изгласување и со прифаќање на сите амандмани кои што ќе бидат поднесени од страна на пратениците и подршка можете да дадете ако секој во својот домен се залага за унапредување на животната средина и за спроведување на Законот за природа, како што е донесен во рамки на Владата и на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Јас би сакала да упатам директно прашање кон заменик министерот.

**Бесим Догани**: Мислите до министерот.

**Весна Бендевска:** Се извинувам, до министерот.

**Бесим Догани**: Во ред, повелете.

**Весна Бендевска:** Значи барам дециден, конкретен одговор. Зошто сметате дека границите на внатрешните зони во Националниот парк Пелистер, е подобро да се уредуваат со подзаконски акти, а да не биде тоа одредба од ова законско решение кое во овој момент е понудено од ваша страна. На тој начин, би се оневозможило од страна на Управата, навистина да манипулира со внатрешните граници. Секое законско решение има многу поцврста законска одредба, отколку подзаконските акти. Ве молам, конкретен одговор, зошто тоа не е предмет во Предлог законот што ни го нудите што ќе биде нахнадно уредено со подзаконски акти. Благодарам.

**Бесим Догани**: Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Збор има министерот за животна средина и просторно планирање, повелете.

**Џемали Бајрами:** Сосема накратко, затоа што тоа е регулирано со препораките на Обединетите нации, за прогласување и проширување на

националните паркови, а ние сме потписници на таа директива и мора така да ги прифатиме.

**Бесим Догани**: Во ред, ви благодарам господине Бајрами.

Госпоѓо Бендевска, реплика или збор.

**Весна Бендевска:** Во секој случај треба да ме вклучите за да можеме да се разбереме.

**Бесим Догани**: Ова е некое ново правило, повелете.

**Весна Бендевска:** Господине министре, конкретното и децидното прашање до вас, бараше конкретен и дециден одговор: Зошто оваа тематика не ја уредувате согласно Законот. И кажете ми согласно кои одредби и директиви забрануваат во законското решение да бидат јасно определени границите на националните паркови и границите согласно тоа, на внатрешните зони. Значи, апсолутно не се согласувам со вашиот одговор. До колку ви треба време да одговорите на ова прашање, спремна сум да почекам, меѓутоа ова не е одговор од страна на предлагач на овој закон. Благодарам.

**Бесим Догани**: Ви благодарам и јас.

Збор има министерот за животна средина и просторно планирање, повелете.

**Џемали Бајрами:** За жал, јас не можам да најдам таков закон, што би ја задоволило само пратеничката, а не законите и тоа што го правиме ние како Министерство. Тоа што го кажуваш, тоа е од Обединетите нации, ние работиме по тие закони и по тие правилници.

**Бесим Догани**: Ви благодарам господине министер.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Жал ми е што расправата прими поинаков тек во однос на она кое што оваа точка го заслужува. Значи, на едно коректно прашање од наша страна, се извртуваат тезите и се извртуваат работите. Пред се, овој закон е подлога од страна на Законот за заштита на природата, во кој што е дефинирано начинот на кој што ќе се остваруваат другите законски прописи во делот на прогласување на национални паркови, што не е едноставна работа, имајки предвид дека треба да бидат исполнети одредени природни критериуми, кои што ги наметнуваат законите за кои што министерот зборуваше.

Но, почитуван министер, дилемата беше јасна и чиста, бидејки станува збор за прв Национален парк, кој што се прогласува со Закон на овој начин. Сметавме дека е покорисно и подобро и Законот ќе имаше подобра тежина, поголема тежина, доколку, внатрешните таканречени организациони единици, кои што се со различно значење, со различна тежина бидат дефинирани со соодветни географски граници.

Ако е тоа со подзаконски акт, во ред. Нема ништо против, не мора на тој начин да се возвраќа. Но вие во законот не сте напишале дека тоа ќе се решава со подзаконски акти. Тоа кај нас предизвика дилема. Ако пишувало дека ќе биде со посебен правилник кој што го пропишува министерот, е во ред. Но тоа не го пишуваше и затоа го поставивме тоа прашање. Нашата подршка е јасна и недвосмислена, но треба сите да бидеме покоректни во однос на она кое што значи подобрување на текстот на законот, имаме различни намери. Доколку не ни се совпаднат вкусовите, во ред. Така е, мнозинството ја има силата во раката и ќе пресуди така како што ќе пресуди. Но во ни еден момент не дадовме на знаење дека се противиме на ова законско решение. Напротив, даваме подршка, се гордееме сите што иамме таква природна убавина, Национален парк Пелистер, за да нема некои злоупотреби, или поинакво толкување на законот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Сосема на кратко, а во прилог на нашата теза зошто треба децидно да се определат границите на внатрешните зони.

Со оглед на тоа што предвидувате со овој закон, а станува збор, да потсетам, за закон со кој што Пелистер се прогласува за прв Национален парк, согласно новите одредби, или како што милува министерот да нарече, согласно Обединетите нации.

Со Националниот парк ќе управува јавна установа Национален парк “Пелистер” - Битола и во членот 8, децидно наведувате, во интерес на јавноста дека во Националниот парк Пелистер се востановуваат четири зони: зона на строга заштита, зона на активно управување, зона на одржливо користење и заштитен појас.

И понатаму, во секој нареден член децидно определувате што е опис и попис на работните задачи од страна на Јавната установа национален парк Пелистер.

Дозволете господине министре, во овој закон е неопходно да вметнете одредба дека со подзаконски акт, ќе ги детерминирате точно овие внатрешни зони, за да може потоа јавната установа да определи кои под своите ингеренции на која зона ќе ги применува. На пример, во зоната на строга заштита ќе се вршат научно истражувачки активности. Во зоната на активно управување, ќе се вршат активности потребни за реставрација, ревитализација и рехабилитација на еко системите. За да, во заштитниот појас, јавната установа ќе спроведува активности за непосредна заштита во зоната на првите три зони. И тоа мора да го одредите, ако не со закон, тогаш со подзаконски акти што ќе ги вметнете барем во делот на преодни и завршни одредби на овој закон. Ова е во интерес на сите идни закони, што претпоставувам од ваша страна ќе дојдат на разгледување а ќе се однесуваат и на другите национални паркови во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Збор има госпоѓа Ристанка Лалчевска, повелете.

**Ристанка Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Се јавив повеќе да добијам некои информации од ресорниот министер, отколку нешто посебно да дебатирам за овој Предлог-закон. Во начело секогаш поддржуван кога делови од природата се прогласуваат за национални паркови, за заштитени зони и, тоа е добро.

Меѓутоа, овде има едно прашање што според мене, барем јас така ценам, е нерасчистено, па би сакала да ми објасни ресорниот министер.

Имено, со Предлогот на законот, со измените се прошируваат границите на Националниот парк Пелистер, и ќе влезе една поширока зона, меѓу кои познатата Брајчинска шума. Еден дел од оваа Брајчинска шума е ловиште на Македонски шуми што минатата Влада го даде на Аквапура. Со истото тоа се согласи и сегашната Влада. Сега, навистина не знам како ќе функционира тоа, кога овој дел од Брајчинската шума ќе влезе под Националниот парк, бидејќи се менува режимот на управување со оваа зона, затоа што така е заштитена. А, најнагласено, каков ќе биде впечатокот на Аквапура што е еден стратешки инвеститор во овој регион. Или, можеби мене не ми е познато, тоа е веќе редефинирано, па затоа би сакал да слушнам одговор околу ова прашање.

Исто така, во овој дел има една многу квалитетна шума со која што стопанисува, раководи итн., Македонски шуми. Ако се сака да се заштити шумата, тоа треба да се расчисти со Македонски шуми. Ако се сака да се расчисти рибниот фонд во Брајчинската река тогаш може само овој дел да се внесе под заштита на Националниот парк, а не и оваа шума.

Уште едно прашање, кој ќе го врши надзорот над Националниот парк, бидејќи, колку што ми е мене познато, Државниот инспекторат за шумартво итн., е иcлучен од оваа работа, односно не е надлежен за националните паркови. Надлежен е Инспекторатот за заштита на природата, а тој воопшто нема ниту стручни капацитети да врши надзор над вакви заштитени зони. Прашањето е зошто Инспекторатот не е вклучен, туку тоа го прави инспекторатот за заштита на природата кој ниту е стручен, ниту е надлежен, нема стручни капацитети, за надзор над националните паркови.

И, уште една работа, насловот на законот малку ме збуни, за прогласување на дел од планината Пелистер за национален парк. Дали можеби се работи за грешка, бидејќи планината не се вика Пелистер. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Лалчевска.

Збор има министерот за животна средина, повелете.

**Џелил Бајрами:** Ќе почнам од второто прашање.

Не, не е грешка, затоа што Пелистер е планина.

За првото прашање ќе се регулира со одлука на Влада, Владата и концесионерите.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучу вам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за прогласување на дел од планината Пелистер за Национален парк.

Пред да го ставам заклучокот на гласање би ги повикал пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците да ги заземат своите места а службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата.)

Во салата се присутни 62 пратеници, затоа заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За заклучокот гласале 59 пратеници, сите 59 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, сите 59 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3 и на член 11.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам пртставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, повелете.

**Џелил Бајрамми:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Амандманот е прифатен од страна на Владата и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, повелете.

**Џелил Бајрами:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати и овој амандман и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот ка Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласаа 57 пратеници сите 57 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за прогласување на дел од планината Пелистер за Национален парк.

**Минуваме на точката 27. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донсување на Законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе.

Станува збор, како што рековте за Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција, со Предлог на закон. Овие измени и дополнувања Владата ги има доставено во форма од измени и дополнувања содржана во 14 членови. Навидум, се работи за едноставна работа. Бројот на членовите може многумина од колегите да ги убеди во тоа дека станува збор за едноставни измени и дополнувања што треба да се поддржат. Меѓутоа има прашања за кои што сметам дека треба навистина да поразговараме на денешната дебата.

Ќе започнам од причините за овие измени и дополнувања од кои што тргнала и самата Влада.

Причината поради која што се вршат овие измени и дополнувања е имплементирање на принципите на рационалност, ефикасност и економичност, унапредување на услугите кај одделни организациони единици на Министерство за внатрешни работи што им ги пружат на граѓаните. А, целта е постепено Министерство за внатрешни работи да ги дефинира неполициските функции, во насока на нивно пренесување во надлежност на други министерства или органи. Една од овие функции е дефинирана дека е водењето на матичните книги.

За ова прашање, навистина, не се дискутира во нашата стручна јавност и во рамките на државните органи од вчера или од завчера, туку е прашање што со години наназад провејува во меѓусебната комуникација помеѓу Министерство за внатрешни работи и меѓу Министерството за правда, со цел да се дефинираат неполициските функции и да се растовари полицијата од овие функции. И тоа е во ред.

Ние, како пратеници, членови на СДС го поддржуваме, ги поддржуваме овие причини поради кои што се менува законот, меѓутоа се поставува едно друго прашање, а од тие причини претходната Влада претходно не ги пушти овие измени и дополнувања во процедура, бидејќи не се работи за едноставен продес. Ќе наведам и од кои причини. Затоа сакам да ги изнесам и своите лични забелешки, независно од ставот што на крајот ќе го соопштам како став на пратеничката група на СДС.

Причините се во ред. Меѓутоа, дали може со овие измени и дополнувања во 14 членови да очекуваме дека навистина ќе се постигне тоа што е целта на овие измени и дополнувања, посебно што се работи за водење на матична евиденција во најважните книги, на родени, на венчани, на умрени, што претставува основа понатаму за многу други постапки што ги следат евидентирањата на граѓаните, почнувајќи од нивното раѓање, завршувајќи со смртта.

Еве, уште во членот 1 се соочуваме со едно прашање за што многу пати досега сме дискутирале овде во Парламентот, што Владата го прави во многу други законски прописи без на соодветен начин тоа да го направи со усогласување на веќе постојните прописи. Заради водење на матичните книги, со овие измени и дополнувања предвидено е да се основа управа за водење на матичните книги, како орган во состав на Министерството за правда, што ќе има својство на правно лице. И повторно имаме измени и дополнувња што директно, со одредбите што се д ефинирани, предвидуваат прашања од надлежност на Законот за организација и начин на работа на државната управа, што е закон што се носи со двотретинско мнозинство. Значи, без да се направат измени и дополнувања на тој закон, каде е дефинирано која е надлежноста на министерствата, дефинирани се органите во состав на минситерствата самостојните органи на управата, управните организации, во редица закони Владата, кој закон како доаѓа на ред, предвидува измени во делот на структурата на државната управа, што создава своевиден хаос во организацијата на државната управа.

Тоа го направивте и со Законот за рамномерен регионален развој, со Законот за јавни набавки

итн., да не ги набројувам сите законски прописи со кои што Владата достави овде на усвојување такви акти што предвидуваат нови органи на државната управа. Меѓутоа, во место стои Законот за организација и начин на работа на органи на државна управа. Ако некој го чита тој закон, навистина ќе утврди дека постои еден хаос помеѓу одредбите на тој закон и она што е предвидено во редица други закони што предвидуваат формирање на нови институции, а со тоа и нови функционери и нови обврски во делот на обврските за исплата на плати за функционери и вработени во тие нови органи на упрва. Тоа значи дека, ако овој закон се усвои, во рамките на Министерството за правда ќе има уште една управа што ќе има својство на правно лице, а тоа нема да биде дефинирано во основниот закон.

Тка е уште една дилема, прашањето за надлежностите на Министерството за правда. Во Законот за организација и начин на работа на органите на државна управа точно се дефинирани надлежностите на министерствата и има надлежности, Министерството за правда во сфера на граѓанските права, во сфера на оваа материја што не е од надлежност на ниту еден друг орган. Меѓутоа, нема конкретно ваква надлежност. А, се работи, навистина, за едно многу исклучително важно прашање.

И до сега, во праксата функционираа одредени работи, постоеше расчекор помеѓу формално правно пропишување и функционирање во однос на матичната евиденција и добро е што се прават измени и дополнувања да се дорегулираат одредени прашања. Меѓутоа, начинот на кој што се прави, мислам дека во пракса ќе создаде дополнителни дилеми. Имам резерви кон самата имплементација на законот, затоа што најважните прашања мислам дека остануваат отворени.

Предвидено е дека, значи, матичната евиденција ќе ја води оваа управа за водење на матични книги, што ќе биде како орган во состав на Министерството во својство на правно лице. Меѓутоа, поради немањето капацитет, во моментов на Министерството за правда, и наместо за овие прашања Владата да дебатира и да изнаоѓа начин да ги решава, не се занимава, туку само ја пропишува формата, предвидено е дека ќе се преземаат вработени од Министерството за внатрешни работи. Во образложението е наведено дека се работи за околу 69 работници од Министерство за внатрешни работи. Но, веднаш во самото образложение се констатира дека, од една страна, Министерството за правда нема капацитет во просторни услови, во технички услови и дека во почеток ќе бидат користени капацитетите на Министерство за внатрешни работи каде што работат овие 69 работници кои формално ќе продолжат да работат во Министерството за правда. И тоа, во еден преоден период. Потоа, кога ќе заврши тој преоден период, тогаш обврските остануваат на Министерството за правда. Тоа е наведено во образложението.

Меѓутоа, во текстот на законот, во ниту еден член не е наведено кој е тој преоден период, туку само има одредби што предвидуваат кога ќе почне да се применува овој закон, кога влегува во сила, а тоа е осмиот ден од објавувањето во Службен весник, дека ќе се применува од 1.01.2008 година, а дека управата ќе почне да работи со денот на именување на директорот. Значи, имаме примена на законот од 1.01.2008 година, понатаму ништо друго не е дефинирано.

Значи, вработените ќе се превземаат кога ќе се именува директор, ќе почне да работи управата. Потоа има рок во кој што министерот за правда треба да ги донесе подзаконските акти. Ќе почне примената на законот, но Министерството за внатрешни работи ќе продолжи со своите активности заради тоа што целокупниот капацитет технички, просторен ќе биде на Министерството за внатрешни работи, а Министерството за внатрешни работи не може тој капацитет да го предаде на Министерството за правда, тоа е наведено и во образложението заради тоа што се користи и за други евиденции и други работи што се потребни на самото Министерство за внатрешни работи, бидејќи е дел од една целина која што е под надлежност на Министерството за внатрешни работи. И се поставува прашањето, што ќе се случува во пракса. Почитувани колеги, мора да напоменам дека оваа матична евиденција не е случајна работа. ВМРО-ДПМНЕ многу добро знае да ги популаризира прашањата и за матичната евиденција што претставува понатаму основа и за избирачкиот список и за многу други евиденции и права на граѓаните што ги остваруваат во други постапки. Меѓутоа, сега кога е на власт мудро си молчи. И затоа мора да го поставам прашањето, дали можеби зад оваа добра намера што ни се прикажува овде со законот се крие нешто друго, а тоа е можноста во пракса да се создаде еден своевиден хаос во водењето на матичната евиденција што понатаму ќе се рефлектира и врз избирачкиот список. Податоците од матичната евиденција се многу значајни во дефинирањето, крајното дефинирање и на избирачкиот список. Затоа во изминатиот период и минатата Влада превзема низа активности во соработка на МВР, на Министерството за правда, на МНР околу уедначување на водењето на евиденцијата, превземање мерки да се расчистат одредени дилеми за да имаме избирачки список онаков каков што имавме во 2006-та година за кој немавме никакви забелешки во текот на самите избори. Меѓутоа, од она што сега вие го дефинирате со овие одредби, навистина не знам дали во иднина нема да се случат одредени уназадувања на овој процес на водење на матичната евиденција што ќе се рефлектира врз избирачкиот список за на крајот никој да не биде задоволен од тоа што ќе се случи. Можеби некоја партија, тоа е секако партијата на власт која што

има можност за злоупотреби, ќе профитира, но од друга страна ќе изгуби Република Македонија. Затоа уште еднаш јас ги искажувам стравувањата во однос на примената на одредбите од законот и мислам дека законот иако содржи добри причини за почеток на измени, не содржи одредби кои ќе не ослободат и кои ќе не уверат дека навистина примената на законот ќе оди без проблеми. Не е наведено ништо ни во однос на финансиски средства, ни период во кој Министерството за правда. Тоа свесно се прави веројатно затоа што Владата зане дека не може да гарантира во моментов кога Министерството за правда ќе има технички и просторни услови да ги превземе и вработените и да одговара комплетно за начинот на водење на матината евиденција. Значи, тоа се прави свесно, свесно се избегнува и затоа немаме такви одредби. Меѓутоа, ние можеме овде да замолчуваме и да се правиме дека не го гледаме тоа прашање, но со проблемите дополнително ќе бидеме соочени. Затоа апелирам од оваа говорница Владата сериозно да ги испита сите можности за поскоро превземање на целокупната не само документација, туку на создавање на просторни и технички услови Министерството за правда да ја води во целост матичната евиденција и како орган да стои зад начинот на водење на таа евиденција што ќе оневозможи префрлање на одговорноста од една во друга институција.

Мислам дека претставникот на Владата добро ги разбра овие мои дилеми и сметам дека тоа ќе биде пренесено во Владата. А еве ние како пратеничка група на СДСМ ќе се согласиме да се донесат овие измени и дополнувања, законот ќе го поддржиме, значи Предлогот за донесување, Предлог-законот. Меѓутоа, овие дилеми ги искажуваме сега како забелешка со цел да служат како поттик на Владата дека сме свесни за сериозноста на процесот и дека будно ќе ги следиме сите натамошни активности на Владата со цел да иницираме поскоро превземање на активности, посебно што во наредната година доаѓаат на ред изборни процеси кои треба да значат заокружување на сите активности поврзани со матична евиденција и сл. за да може да очекуваме избирачкиот список и на тие избори да биде барем минимум како што беше во 2006 година. Во спротивно ќе бидеме доведени во ситуација јавно да го искажуваме своето незадоволство од спориот начин на работа на Владата. Но, сеуште во моментов се надеваме дека Владата ќе ги има предвид овие забелешки, дека на време ќе ги преземе активностите за да не ни се случи тоа што верувам никој од нас не го посакува. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Реплика има господинот Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, принуден сум да и реплицирам во делот на излагањето на поранешната министерка за правда кога вели дека се сомнева на начинот како ќе се имплементира овој закон. Од причини што таа рече дека до колку се имплементира овој закон, или овие измени на овој закон. Бараше од овој закон, избирачкиот список да биде приближно ист со списокот од 2006 година. Грешите, бидејќи заедно со овој список во Кичево и во селата во кичевско на изборите излегоа фиктивни луѓе, мртви луѓе беа во овој список на избирачи, истите гласаа. Вие знаете колку и со кој резултат, го знаете и начинот на гласање. А од друга страна ова е лошото што не сакавте да го измените овој закон. Другото лошо е во тоа што човекот е роден во Македонија, човекот живеел во Македонија, човекот имал 50 години и починал во Македонија, а човекот нема државјанство. Тука е вредноста на овој закон. Инаку, ќе се диференцира дека Министерството за внатрешни работи е, ингеренциите се на друго место. Додека Министерството за правда има други ингеренции и надлежности. Вие знаете сте биле министер, секогаш кога сте го подготвувале избирачкиот список било за локални, или парламентарни избори, побаравте избирачки список од МВР. И сте го добиле тој список и фалсификувале на начин што ви одговарал на раководната гарнитура во која сте биле и вие. Во оваа насока со овој закон не искажувам никаква сомнеж, туку го поддржувам во целост како Демократска партија на Албанците, како парламентарно мнозинство, бидејќи со овој закон на овој начин ќе се елиминираат сите манипулации, малверзации, пишување на мртви лица како активни гласачи. Ова не може да се толерира, еден човек кој е мртов да биде во избирачкиот список, истиот да гласа, тоа беше на последните избори. И не може човекот да е роден во Македонија, да живее во Македонија, да почине во Македонија и да не добие државјанство на Република Македонија. Засновајќи се на оваа игра помеѓу Министерството за правда и МВР со овие измени и дополнувања на овој закон се конкретизираат некои работи, кој ќе го изготвува избирачкиот список, кој каде е роден и кој, каде е државјанството на сите граѓани. А во однос на тоа како ќе се имплементира овој закон, дали ќе има соодветен простор. Сигурно дека Владата размислувала во оваа насока и сигурно ќе успееме така како што сме го предложиле овој закон.

**Бесим Догани:** Реплика има госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе. Очигледно е дека колегата Рамадани искажа многу тешки зборови и обвинувања за фалсификати, но тоа е негово лично право. Впрочем, тоа често пати се случува и од страна на ДПА да се менуваат ставовите во зависност од тоа дали во моментот се на власт, или се во опозиција. И тоа нема да го коментирам, мислам дека јавноста добро може да ги следи тие активности.

Би сакала само да упатам на нешто што мислам дека е многу значајно. Мислам дека

дефинитивно е време да се свртите малку напред како партија на власт и да гледате што правите вие, а не постојано да се враќате назад. Дури и ако го правите тоа враќање назад, мислам дека може да изгубите, затоа што податоците, фактите говорат дека некој нешто многу успешно направил за што навистина доколку се споредувате ќе ги изгубите аргументите. Гледајте вие што може добро да направите.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе, колеги пратеници, уважен претставник на Министерството. Би сакала да изнесам некои свои размислувања и видувања околу овој Предлог за измени и дополнувања на Законот за матична евиденција. Во Предлогот е содржано дека сега матичната евиденција ја селиме од Министерството за внатрешни работи во Министерството за правда каде што ќе се организира, односно од каде ќе се основа со овој закон посебна управа за водење на матичните книги, која управа ќе биде во состав на Минситерството за правда со која ќе раководи директор кој ќе го именува министерот за правда и тн. И сето тоа е во ред, меѓутоа јас и на расправата, на комисиските расправи прашував зошто ние го напуштаме овој систем кој до сега го имаме, а со оглед на фактот дека во земјите на Европската унија можат да се сретнат и системи како што е нашиот, значи во Министерството за внатрешни работи покрај другите работи и матичната евиденција и системи, односно држави каде што таа е во рамките на Министерството за правда и организирана нешто слично како што се предлага овде. Единствен одговор и единствено разумно објаснување беше дека Министерството за внатрешни работи ќе се ослободува од своите неполициски дејности, мислам така беше дефинирано. И тоа е прифатливо како објаснување, меѓутоа еден систем кој што функционирал подолга низа на години кој е воспоставен и устроен во нашиот систем, во ред е и да се менува ако носи позитивности. Меѓутоа, она што се предлага во законот, а пред се кратките рокови за стапување во сила на овој закон и за отпочнување со работа на управата и водењето на евиденцијата се нешто што кај мене создава вознемирување, дали ние тоа успешно ќе го направиме? Ваквата вознемиреност пред се доаѓа од фактот што според моите информации сеуште немаме до крај направено договори и разграничувања околу просторните капацитети кои сега се во склопот на Министерството за внатрешни работи и кои треба да бидат отстапени на Министерстерството за правда за определен период кој воопшто не е дефиниран колку ќе трае. Исто така, човечките ресурси, значи сите вработени кои работат на матичната евиденција во рамките на МВР ќе треба да продолжат да работат во истите простории, меѓутоа сега под Министерството за правда и тука исто така не е дефинирано колку ќе трае тој преоден период. Јас не сум сигурна дека можеби кратките рокови и брзината со која ние тоа сакаме да го направиме нема да предизвика грешки, а грешките во водењето на матичната евиденција можат да предизвикаат катастрофа, бидејќи матичната евиденција, уредното водење на матичната евиденција е основа и база на целиот систем. Затоа морав ова да го кажам, бидејќи законот ќе се применува од 1.01.2008 година. А денес сме 3.12.2007 година, значи за некои 25 дена. Само што ќе стапи во сила, веднаш ќе почне да се применува.

А во меѓувреме според членот 30-а министерот за правда ќе треба да пропише начинот на водење, заштита, чување на матичните книги, книги и списи, издавање на изводи, уверенија и тн., значи сето ова ќе треба да го пропише министерот за правда за да стартува новиот систем, односно водење на матина евиденција од страна на управата за матична евиденција која ќе биде под ресорот правда. За жал, јас во ниедна дебата и во ниедна расправа не слушнав како го прифаќа Министерството за правда овој предлог, какви се нивните проценки, дали можат да одговорат прво за толку кратко време? Второ, да ги изготват сите подзаконски акти да стартуваме со се што е потребно, И трето, за колку време Министерството за правда ќе биде подговено да ја преземе комплетно евиденцијата со се ресурсите, значи да обезбеди просторни и човечки ресурси за работа на управата. Бидејќи овде не е воопшто дефинирано за колку време, за година, две, три, Министерството за внатрешни работи ќе ги отстапи своите ресурси пред се просторни и ресурси на вработени за да работат под капата на Министерството за правда. Јас мислам дека ова е многу избрзано и стравувам дали ќе го завршиме онака како што треба. Инаку, ќе го поддржам предлогот, немам дилема дека во Европа постојат такви и такви системи, сето тоа е во ред. Меѓутоа единствено се противам на кратките рокови кои што се овде предвидени за стартување на управата за водење на матичната евиденција во рамките на Министерството за правда. Бидејќи од она што имам јас информации, мислам дека основата, односно просторните и персоналните капацитети не се ниту додефинирани, ниту дорасчистени, а поготово во помалите општини каде што тие ресурси се многу ограничувачки.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе. Сметам дека заменикот министер е должен да одговори на овие дилеми кои се јавија и кои што се оправдани. Јас ќе се обидам со уште две прашања да се обидеме да добиеме некои информации. Навистина иако има мал број на членови, сепак некои членови внатре во предложениот закон се со контрадикторни рокови, некои се преткратки, некои се преголеми и мислам дека во пракса ќе настанат проблеми во процесот и на преземање не само на вработените, туку пред се од аспект на инфраструктурата. Од друга страна имам една

дилема со членот 7 кој го менува членот 30, министерот за правда ќе го пропише начинот на водење, заштита и чување на матичните книги и списи. Мислам дека во услови кога во нашата држава функционира Дирекцијата за заштита на личните податоци, мислам дека треба да има некој механизам кога ќе се вклучат и тие, односно ќе дадат и тие во тој процес на трансформација, или имплементација на овој закон да дадат свое мислење, да имаат свое учество во импелементацијата на законот. Реков, во членот 12 подзаконските акти се носат со три месеци, во членот 9 во рок од 30 дена од именувањето на директорот, министерот за правда ќе ги донесе актите за организација и систематизација. Не гледам логика, ако Владата насначи директор на управата, систематизацијата во рамки на управата да ја прави министерот за правда, а тоа не му се даде на директорот на управата, или на некое тело кое што ќе ја направи таа систематизација во рамки на управата.

Она што е моето главно прашање сега бидејќи во образложението се пишува експлицитно дека Министерството за внатрешни работи нема да ги преотстапи ниту канцелариите, ниту пак компјутерската инфраструктура, а овој закон влегува на сила од 1 јануари 2008 година, а за имплементација на овој закон се потребни како што вели Владата околу 155 милиони, или околу два ипол милиони евра, дали е возможно прво да се стигне до тој рок, која е крајната граница кога МВР ќе ја врши оваа услуга за Министерството за правда, или во кој правец на трошење ќе бидат овие два ипол милиони евра.

Дали тие ќе бидат во правец на нова компјутерска инфраструктура само за Министерството за правда, бидејќи експлицитно пишува во образложението Министерството за внатрешни работи нема да го даде компјутерскиот дел од инфраструктурата плус телекомуникацискиот дел. Дали во новите подрачни единици на Министерството за правда сето тоа треба да се покрие со овие средства или овие средства се наменети за простории, шалтери, нови вработувања итн. Очекувам дека овие средства тогаш треба да бидат за новиот Буџет, бидејќи не верувам дека до 1 јануари 2008 година овие 2,5 милиони евра можат до тогаш да се потрошат, или пак постои ваков тендер кој веќе е во процедура.

Затоа, мислам дека треба да добиеме една дополнителна информација, иако не е проблем трансформацијата или префрлувањето на надлежностите од Министерството за внатрешни работи на Министерството за правда, туку се сомневаме дека сите овие рокови, а веќе реков дека некои од нив се контрадикторни, ќе можат да се имплементираат во пракса, а еден таков проект од инфраструктурен карактер, кој треба да ги поврзе подрачните единици на Министерството за правда во еден интегриран систем, кој што ќе има своја компјутерска поддршка на она што во овој момент се прави, мислам дека не се завршува за така брз рок, а ако е чист тој дел само за таа инфраструктура, можеме да зборуваме за тие средства, но ако се смета и на цели згради, нивно преуредување, канцеларии и др, тогаш овие средства ќе бидат и недоволни. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас би сакала накратко да изнесам една моја сериозна забелешка на овој закон, всушност на суштината на овој закон. Таа се однесува на преземањето на матичната евиденција од страна на Министерството за правда од 01.01.2008 година, а тоа е со завршната одредба.

Бидејќи законите во Република Македонија треба да бидат конзистентни и усогласени едни со други, органите кои ги водат, кои ги овластуваме со законите, надлежностите треба да си ги обавуваат согласно закон, јас би сакала да кажам една забелешка која сигурно никому не му паднала на ум, а оној кој што го пишува законот можеби заради тоа го предлага законот. Тоа е следното:

Со контраверзните измени на Изборниот законик, кој не ја помина првата фаза, се случи она што се случи, во една одредба од измените на Изборниот законик, а тоа е одредбата од членот 84, се вели следното: “Министерството за правда ќе продолжи да го води Избирачкиот список до создавање на потребните услови за преземање од страна на Државната изборна комисија”.

Која дилема сега се создава кај мене? Бидејќи овој закон е во собраниска процедура, не знам каква ќе биде судбината после сето она што се случи, но ќе го гледаме таков каков што ни е доставен, бидејќи тука нема краен рок, во кој рок Државната изборна комисија ќе го преземе во своја надлежност да го води Избирачкиот список од една страна, а од друга страна останува и по овој закон Министерството за правда да го води Избирачкиот список, но исто така со овој закон од 01.01.2008 година матичната евиденција ја презема Министерството за правда, кај меме постои страв оној кој што води матична евиденција тој да води и Избирачки список, да го прави Избирачкиот список без да има контрола од друг орган и може да ни се случи на наредните избори вака како што се овие два члена од различните закони Министерството за правда да ја води и матичната евиденција и избирачките списоци, што ќе значи дека во едно министерство, во еден орган целосно ќе биде сконцентрирано сето ова, што не е добро за избори и мислам дека ваквиот предлог не е созреан, ваквиот предлог не е конзистентен согласно закони кои регулираат делови од оваа материја или материјата што е сродна со оваа. Мислам дека ова решение и овие измени може да продуцираат и нерегуларности на изборите, посебно околу избирачките списоци, доколку

овие два закони станат дел од правниот поредок, значи измените на Изборниот законик и законот за матичната евиденција. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлгот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат за да можеме да го изгласаме заклучокот.

Ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум за гласање)

Уште еднаш ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата нема доволен број на пратеници, тука ја прекинувам денешната седница.

Продолжуваме утре во 11,00 часот со новата Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата прекина во 17,46 часот)